# ПРИКАЗНИ ОД БИБЛИЈАТА

Наслов на оригиналот:
Faith-building stories for kids
Book 2 - God makes a promise
by
Cari Haus

Превод:
Марија Коцева

Коригирале:
Илија Киров
Мелита Томовска

Техничка обработка:
Мелита Томовска

Издава:
АИК „Знаци на времето“

За издавачот:
Михајло Гурев

# 1. ПРВОТО БЕБЕ

Ауух! Аууу! Сосем нов звук се ширеше низ планетата Земја и сите животни во близина застанувaa да слушнат. Мало маченце ѕиркаше одоколу и разиграно кутренце весело скокаше да види што се случува. Можеме да бидеме сигурни дека и ангелите гледаа и тоа со многу добра причина. Меѓу многу ждребиња, телиња и стотици други животински бебиња, ова беше првото човечко бебе.

Не знаеме колку голем бил Каин кога дошол на овој свет, но сигурно бил големо бебе. Без сомнение колку ли само ги користел белите дробови. Како и повеќето родители, Адам и Ева му се восхитувале на своето прво бебе, нежно го тешеле, го гушкале и му шепотеле на увото. Биле восхитени кога детето почнало да се насмевнува, да мавта со своите рачиња, кога започнал да оди и да зборува за прв пат. Тоа било голема утеха за нив зашто сфатиле дека и среде смртта и пропаѓањето поради нивниот грев, пак ќе има живот - нов живописен живот на нашата планета.



Бидејќи Каин беше нивниот прв син, Адам и Ева имаа голема надеж поврзана со него. Посакуваа тој да биде ветениот Спасител - оној што ќе ги спаси од гревот. Но, за несреќа, тоа не беше така. Требаше да

поминат уште многу години пред бебето Исус да се роди на земјата.

Како момчето растеше, Адам и Ева му раскажуваа приказни, како што прават и сите други родители. Се разбира, тие му ја раскажуваа и најтажната приказна - како го изгубија рајот поради едно парче овошје, и како мораа да ја напуштат едемската рајска градина поради својот грев.

Го донесоа Каин до портата на убавата Едемска градина. Иако влезот го чуваше силен ангел со распламтен меч, првото семејство на земјата сè уште можеше да гледа внатре во градината. Држејќи го Каина в раце, Адам замислено ја посматраше градината. „Ако не му згрешевме на Бога, ќе живеевме на ова место“, му рече на својот син. Каин држеше мало јагненце додека Адам собираше камења за жртвеникот. „Што ќе правиме, татко?“, сакаше да знае момчето. На Адам му застана грутка во грлото кога погледна кон својот син. Тој многу добро знаеше колку тешко му беше на Бога да го даде Својот единороден Син, но исто така знаеше дека на Каин нема да му биде лесно да се откаже од своето мало јагненце.

„Сине мој, мора да го жртвуваме ова јагненце. Бог ни кажа така да правиме, бидејќи тоа ќе ни помогне да разбереме колку е ужасен гревот“. „Но ова јагне не направило ништо лошо“, протестираше Каин.

„Да“, одговори Адам“. „Тоа невино јагненце го претставува Исус, невиното Божјо јагне“.

Адам и Каин плачеа кога го жртвуваа јагнето. Но Бог сакаше да ги научи важна лекција - лекција која требаше да ја научат и помладите браќа и сестри на Каин, кои веќе растеа од деца во возрасни луѓе. Нивниот татко сакаше да го сакаат доброто и да го мразат злото, да останат блиску до Бога, а да бегаат од гревот. Најважната задача на Адам и Ева како први земни родители беше да го посеат семето на добрина во срцата на нивните деца. Да им ја откријат на своите потомци вистината за Бога и сатаната.

# 2. ТОЛКУ СЛИЧНИ, А СЕПАК ТОЛКУ РАЗЛИЧНИ

Тешко може да се замисли како е можно двајца браќа толку многу да наликуваат еден на друг, а сепак да бидат толку различни како Каин и Авел. Првите момчиња на оваа планета, синовите на Адам и Ева, живееја во убавата земја која се наоѓаше блиску до едемската градина. Додека заедно растеа, пееја исти песни, ги слушаа истите приказни и беа одгледани да го љубат и почитуваат истиот Бог.

Но, за несреќа, нивната сличност се состоеше само во тоа. Иако однадвор Каин и Авел наликуваа еден на друг, мислите во нивното срце беа многу различни. Авел го љубеше Господа и му беше лојален и верен на живиот Бог. Тој разбра дека Бог е праведен и добар. Беше благодарен што еден ден Исус ќе дојде и ќе умре за него, не само да го спаси од смртта, туку да му ја даде и убавата едемска градина, за која слушаше од своите родители.

Спротивно на тоа, Каин мислеше дека Бог е премногу строг кон Адам и Ева, мајка му и татко му, и дека многу строго ги казнил за нивниот грев. За несреќа, Каин премногу долго му дозволувал на умот да размислува во тој правец, да се сомнева во Бога, сѐ додека не почувствувал голема огорченост.

Кога сатаната ја искушуваше Ева во Едемската Градина, тоа беше тест што Бог го дозволи за да види дали првите луѓе ќе му бидат верни или не. Исто така, Бог имаше тест и за Каин и Авел. Тој ги љубеше и сакаше да види дали, за возврат, и тие би го љубеле. Божјиот тест за двајцата браќа се состоеше во она што тие ќе го дадат за Него.  Дали знаете дека уште од самиот почеток Бог им кажал на Адам и Ева, и на нивните деца, дека еден ден Исус ќе умре на крст. Каин и Авел сфатиле дека Исус е невиното и чисто Јагне кое треба да биде жртвувано. Тие разбрале дека јагнето го претставува Исус и она што Тој треба да го направи за нас. Тие знаеле дека само преку Исус, „Божјето Јагне“, тие можат да бидат спасени од нивните гревови.

Како млади момчиња, Каин и Авел гледале како нивниот татко, Адам, принесува јагниња за своите гревови и за гревовите на своето семејство. Кога станале млади мажи настапило време и тие да принесат јагне на жртва за своите гревови. Бог ги љубел и во текот на целиот нивен живот се грижел за нив. Сега, преку жртвата што требаше да ја принесат, Тој сакаше да види дали тие ја прифаќаат Неговата љубов. Сега требаше да се одговори само на едно прашање: Дали и двајцата браќа ќе го положат тестот?

## 3. ЕДНА ПЕТКА И ЕДНА ЕДИНИЦА

Беше навистина напорен ден за Каин и Авел кога ги направија своите први жртвеници. Требаше да одберат место, да најдат камења и најпосле - да ја подготват жртвата.

„Дојди мало јагненце", стоеше Авел покрај вратата на своето стадо. Тој ја одбра својата овчичка за овој важен ден. Носејќи ја до жртвеникот, нежно ја милуваше по главата. „Бог го даде својот Син да умре за мене", ѝ шепотеше. „И јас морам да го дадам најдоброто". Авел со тага го положи малото јагненце на жртвеникот. Откако нежно помина со раката преку малото лиценце за последен пат, Авел го крена ножот и му го одзеде животот на животното.

„Прости ми ги моите гревови, те молам", зборуваше клечејќи покрај жртвеникот, тажен и со наведната глава. „Помогни ми да не ги правам повторно истите грешки. Помогни ми да разберам дека, кога грешам, те повредувам тебе исто како што го повредив ова слатко јагне".

Полека кревајќи ја главата, Авел ги отвори очите не сакајќи да погледне кон жртвеникот. Сега во неговото срце постоеше само едно прашање: Дали Бог ќе го прифати неговиот подарок? ФИУУУ! Налет од оган дојде од небото и го изгоре јагнето, дрвата под него и дури и камењата на жртвеникот. Авел се развесели во своето срце. И горе на небото Бог се зарадува поради

жртвата на Авел. Младиот човек се зарадува бидејќи настапи длабок мир во срцето, имаше мир со Господа. Тој навистина го сакаше Бога и знаеше дека неговите гревови се простени. Бог погледна на неговата жртва. Виде дека Адамовиот син во своето срце навистина жали за своите гревови, дека сфатил колку е тешко за Бога да го даде својот Син да умре - многу потешко отколку тој да го даде своето малечко убаво јагненце. Авел беше Божји пријател. Бог сака луѓето да бидат негови пријатели. Тој е радосен кога го прифаќаме за свој Пријател.

Недалеку од жртвеникот на Авел беше неговиот постар брат Каин, кој забрзано го привршуваше својот дел од работата. Како и Авел, и Каин се надеваше дека неговата жртва ќе биде изгорена со оган од небото. Но имаше проблем со неговата понуда. Каин донесе овошје од неговата градина, наместо јагне! Тоа беше навистина прекрасно овошје, но не беше она што Бог го бара како жртва.

Ова можеби изгледа мал недостиг, но не е така. Каин добро знаеше дека јагнето го претставува Исуса, но не сакаше да се помири со Бога според Божјиот план. Тој мислеше дека не му е потребен Исус, Јагнето Божје, да умре за неговите гревови. Наместо тоа, мислеше дека неговото овошје, дека неговите добри дела ќе бидат доволни!

Иако Бог го љубеше и него, жртвата на Каин не беше прифатена. На Каин му беше потребен Исус, Божјето Јагне. Исус беше, и сè уште е, единствениот пат што води во небото. Добрите дела, иако се важни, никогаш нема да ни дадат пропусница за небото. Тогаш Бог погледна во срцето на Каин. Таму виде гнев и себичност. Уште полошо, Каин воопшто не жалеше за своите гревови.

Каин и Авел се претставници на два вида луѓе кои живеат денес во светот. Некои луѓе, исто како и Авел, разбираат дека Исус умрел за нивните гревови. Тие знаат дека не можат самите да се воздигнат до небото, веруваат дека само Бог може да ги спаси. Другите мислат дека можат да стигнат на небото со своите добри дела. На сите нив им е потребен Исус, но тие не мислат така. И бидејќи нивните гревови не се покриени со крвта на „јагнето", тие не можат да бидат прифатени на небото.

Скоро секоја грешна религија во светот учи, на еден или друг начин, дека луѓето можат да се спасат самите себеси. Некои дури и тврдат дека човекот може да стане добар без Христова помош. Следејќи го примерот на Каин, тие сакаат да го достигнат небото преку своите добри дела. Преку тажната приказна за Каин можеме да научиме што ќе се случи ако сакаме самите да допреме до небото. Бидејќи сите сме паднати во грев, ние луѓето никако не можеме сами по себе да станеме добри. Всушност, кога луѓето по природа сакаат да му прават „добро" на некој друг, нештата стануваат многу полоши. Повеќе се влошуваат отколку да се подобрат.

Исус е нашата единствена надеж да бидеме спасени, бидејќи Библијата објавува дека нема друго име под небото со кое би можеле да се спасиме. Нема спасение во ниту едно друго име.

Библијата исто така кажува дека оние кои искрено го љубат Бога, ќе му бидат послушни. Тие ќе ги послушаат сите Негови Заповеди - не само оние кои ги сакаат или со кои се сложуваат.

Кога Каин донесе жртва на жртвеникот, тој послуша ЕДНА од Божјите заповеди, но со жртвата тој прекрши друга Божја заповед.

Уште од времето кога се појавил гревот секогаш имало луѓе кои, слично на Каин, биле послушни само на НЕКОИ Божји заповеди. Тие го сакаат Божјиот благослов и одобрение, но не сакаат да го прават она што Бог го бара од нив!

Но Библијата ни кажува дека верата без послушност е мртва (Јаков 2,17). Со други зборови, ако навистина му веруваме на Бога, нашиот живот ќе се промени однатре и тоа ќе се покаже видливо. Но ако нашата вера не е доволно силна да изврши влијание на нашиот живот, тогаш тоа не е вера. Библијата предупредува дека, оние кои велат дека го познаваат Бога а не ги слушаат Неговите заповеди, се лажговци и во нив нема вистина (1. Јованово 2,4).

За несреќа, истото тоа му се случи и на Каин.

# 4. НЕ ТОЛКУ МИСТЕРИОЗНО УБИСТВО

Каин бил исполнет со голем гнев кога ги донел плодовите на жртвеникот, но голем бес го обзел кога видел дека никаков оган не паѓа врз неговиот жртвеник. Како постар брат, крајно се разгневил што Бог испратил оган на жртвеникот на Авел, а не на неговиот.

„Зар не сакаш овошје?“, молскавици му светкаа од очите додека гледаше кон едемската градина. Целото негово однесување, погледот на неговото лице и лутината во неговите очи беа сосем поинакви од однесувањето на неговиот брат, што дури и животните го забележаа тоа. Сепак Бог го сакаше Каин. Тој млад човек беше негово дете и Бог сакаше тој да разбере што се случува. Затоа дојде да поразговара со него. „Зошто си толку вознемирен?“, одекна Божјиот глас во градината. „Ако го правиш она што е исправно, ќе дојде и огнот. Но ако работиш погрешно - внимавај. Гревот те чека и е веднаш на вратата“. Настапи неговиот час на одлука. Каин имаше избор. Можеше да ја прифати жртвата на Исус за неговите гревови или да одлучи да живее на свој начин. Можеше или да го прифати Исуса или да продолжи да се бунтува. За несреќа, Каин донесуваше погрешни одлуки. Како растеше неговиот гнев кон Бог, така растеше и гневот кон неговиот брат Авел. Тивко се приближи до полето каде Авел сè уште се молеше на Бога. „Сигурно мислиш дека си навистина посебен! Падна оган од небото на твојот жртвеник!“, викаше разбеснето постариот брат. Авел погледна кон својот брат. Неговото лице беше толку среќно и исполнето со мир што гневот на Каин уште повеќе пламна. „Не сум подобар од никој друг“, му одговори Авел тивко. „Јас само го направив тоа што Бог го побара“. Неговите очи молежливо гледаа кон неговиот брат. „И ти можеш тоа да го сториш, Каин“.

„Бог не е фер“, се лутеше Каин. „Не требаше да ги истера нашите родители од градината“.

„Бог е фер“, возврати Авел нежно. „Тој можешеда дозволи на-

шите родители веднаш да умрат. Но, Тој им овозможи да живеат, за да научат да го сакаат, зашто Тој навистина е достоен за тоа“. Авеловите очи се одмараа на лицето на неговиот брат. Беше мошне чудно некој да не се согласува со Каин. Целиот нивен живот тој им беше водач, и кога се качуваа по дрвјата, и кога прерипнуваа камења или пак скокаа преку малите поточиња. Како и сите млади момчиња, Авел сакаше да го следи својот постар брат. Но, кога брат му одбра да се бунтува против Господа, Авел знаеше дека треба да престане да го следи. Во истиот миг повлече линија и одби да ја премине. Но и повеќе од тоа. Сакаше да го добие својот брат за Господа. „Исус те сака. Ќе умре за нас еден ден. Јагнето за жртва го претставува Него“, стоеше Авел префрлајќи се од една на друга нога. Никогаш не го беше видел Каина толку разбеснет - но сепак реши да продолжи. „Зошто не му однесеш јагне на Господа?“, го молеше. „Бог ќе пушти оган од небото ако му однесеш јагне“. Каиновите очи се намалија. Лицето му стана црвено како никогаш порано. Во тој миг неговиот бес излезе од контрола. Не можеше да фрла метеори како сатаната, но дух на омраза и бунт беснееше во неговото срце. „Па“, згрме, „кој си ти да ми кажуваш како да му угодам на Бога?“ Тогаш Каин го удри Авела. Дали имал нешто во раката или не, Библијата не ни открива, но многу јасно кажува дека Каин го уби својот брат. Каин не можеше да биде мирен кога беше во близина на Авел, бидејќи брат му го правеше она што е праведно. Карактерот на Авел го потсетуваше на неговиот сопствен грев, а тој тоа не можеше да го поднесе.

Многу години потоа ужасно убиство, многу други го следеа Каиновиот пример. Божјите непослушни деца ги мразат оние кои творат правда. Христијанскиот живот на оние кои го сакаат и почитуваат Бога Исуса Христа, им ги открива гревовите во нивните срца и тие не можат да го поднесат тоа. „Секој кој прави зло, ја мрази светлината и не сака да дојде во светлината за да не бидат укорени неговите дела“ (Јован 3,20). Колку е посилна светлината на христијанскиот живот, толку е поголема омразата на оние кои не го следат Исуса Христа. Бидејќи нивните гревови јасно се распознаваат во светлината што свети околу

нив, нивниот привиден мир е нарушен и нивниот гнев се разгорува. Во едемската градина Бог им кажа на Адам и на Ева дека гревот ќе предизвика војна, не само меѓу сатаната и Бог, туку и помеѓу нивните следбеници. Тоа Бог го мислеше кога му рече на сатаната: „И ставам непријателство меѓу тебе и жената и меѓу твоето потомство и нејзиното потомство“ (Битие 3,15). Убиството на Авел беше првото зло од сите лоши работи кои допрва требаше да се случат во долгата и тешка борба меѓу доброто и злото. Кога ѓаволот ќе види луѓе како Авел, луѓе кои го сакаат и го почитуваат Бога, многу се разгневува. Тој сака сите да веруваат дека е невозможно да се почитува Божјиот Закон. Но оние кои вистински го љубат Бога, преку своите дела му покажуваат дека не е во право.

Затоа сатаната ги поттикнува своите следбеници да ги повредуваат оние кои го љубат Бога. Во историјата тоа го правел многу пати, а и денес сè уште го прави. Во текот на долгата вековна борба меѓу доброто и злото, сатаната и неговите следбеници убиле многу добри луѓе. Наречени маченици, тие ги загубиле своите животи заради Исус, но извојувале победа над сатаната. Авел беше првиот маченик. Го загуби својот живот правејќи го она што е праведно, но набргу, еден ден, ќе живее повторно на небото.

## 5. ДВОЈНА КЛЕТВА

Не ми се верува дека можеше да го направи тоа!“, Авеловиот ангел чувар одлета со страшната вест и целото небо беше шокирано од убиството. Натажени лица го исполнија небесниот двор. Ангелите, кои знаеле само за бескрајна радост, сега станале сведоци на војна на небото, војна на земјата, а згора на сè друго, биле сведоци и на првото убиство на земјата. Каин можеби мислеше дека никој не го виде неговото злодело, но тој не го познаваше Бога! Бог гледа сè во бесконечната вселена. И неговите ангели гледаат исто така. Се разбира, Бог сè уште го сакаше Каин и покрај неговото зло дело. Му даде шанса да ка-